**“ЖИТО ПОЛОГ” АД**
**Т Е Т О В О**

# И З В Е Ш Т А Ј

**За работењето на Одборот на директори при Жито Полог АД –Тетово во период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

**Тетово, 2022 година**

# И З В Е Ш Т А Ј

**За работењето на Одборот на директори при Жито Полог АД –Тетово во период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

Во извештајниот период Одборот на директори при Жито Полог АД- Тетово работеше согласно надлежностите утврдени во Законот и Статутот.

Одборот на директори континуирано во текот на 2021 година расправаше за прашања од својата надлежност и донесуваше соодветни Одлуки од делокругот на управувањето на Друштвото.

Во текот на 01.01.2021 до 31.12.2021 година, Одборот на директори на Друштвото имаше три состава и тоа:

За период од 01.01.2021 до 06.04.2021 година во следниот состав:

- Салаудин Арифи – Претседател на Одборот на директори
- Зоран Илоски - Генерален извршен директор
- Сашо Босилков - неизвршен независен член на Одборот на директори

За период од 06.04.2021 до 01.12.2021 година во следниот состав:

- Александар Поповски – Претседател на Одборот на директори
- Сашо Босилков - Генерален извршен директор
- Зорица Арсовска - неизвршен независен член на Одборот на директори

За период од 01.12.2021 до 31.12.2021 година во следниот состав:

- Катерина Дамјановска – Претседател на Одборот на директори
- Сашо Босилков - Генерален извршен директор
- Зорица Арсовска - неизвршен независен член на Одборот на директори

Во извештајниот период Одборот на директори има одржано 17 (седумнаесет) седници на кои се разгледани следните прашања и донесени следните одлуки :

**Седница на Одборот на директори од 28.01.2021 год**

На оваа седница Одборот на директори на друштвото донесе Одлука за одобрување на голема зделка и Одлука за склучување на Договор за цесија помеѓу Агробел Хелас СМПЦ- Серес Грција, како отстапувач на побарување, Жито Полог АД Тетово како примач на побарување и ЗК Пелагонија АД како должник .

**Седница на Одборот на директори од 08.02.2021 год**

На оваа седница на Одборот на директори на друштвото донесе Одлука со која го усвои Планот за работа на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.2021 -31.12.2021

година, одлука со која се  усвои  извештајот на Централната пописна комисија за извршен попис во Жито Полог АД Тетово со состојба на ден 31.12.2020 година и одлука со која се усвои Кодекс за корпоративно управување.

**Седница на Одборот на директори од 26.02.2021 год**

На оваа седница Одборот на директори на друштвото донесе одлука за свикување на Собрание на акционери , одлука за кредитно задолжување на друштвото пред Стопанска Банка АД – Скопје и одлука со која се одобруваат аванси за купување на пченица од ЗК Пелагонија АД Битола во износ од 30.000.000 денари.

**Седница на Одборот на директори од 10.03.2021 год**

На оваа седница се одлучуваше без одржување на состанок согласно член 358 од ЗТД и член 88 од Статутот на Жито Полог АД Тетово – пречистен текст, со писмена согласност од сите членови на Одборот и се  донесе одлука  за усвојување на Годишната сметка на Жито Полог АД Тетово за 2020 година како и одлука со која се одобрува склучување на договори за преземање на побарувања и преземање на долг.

**Седница на Одборот на директори од 15.03.2021 год**

На оваа седница Одборот на директори на друштвото се донесе одлука со која се одобри склучување на Договор за купопродажба на меркантилна пченица за човечка исхрана со авансно плаќање со ЗК Пелагонија АД Битола.

**Седница на Одборот на директори од 25.03.2021 год**

На оваа седница се одлучуваше без одржување на состанок согласно член 358 од ЗТД и член 88 од Статутот на Жито Полог АД Тетово – пречистен текст, со писмена согласност од сите членови на Одборот и се  донесе одлука  за приходување на обврски и отпис на побарувања од Жито Полог АД Тетово.

**Седница на Одборот на директори од 06.04.2021 год**

На оваа седница Одборот на директори на Жито Полог Ад Тетово ги донесе следните Одлуки:

- odluka za otpovikuvawe - razre{uvawe na Пretsedatelot na Оdborot na direktori на Жито Полог АД - Тетово zaradi otpovikuvawe od ~lenstvo vo Оdborot na direktori.
- odluka za izbor na Пretsedatel na Оdborot na direktori на Жито Полог АД - Тетово.
- odluka za razre{uvawe – otpovikuvawe na izvr{ниот direktor na Жито Полог Ад Тетово, zaradi otpovikuvawe od ~lenstvo vo Оdborot na direktori, so {to му prestanuva funkcijata izvr{ен direktor  na Жито Полог Ад Тетово  .
- odluka za nazna~uvawe na izvr{en ~len na Оdborot na direktori i potpi{uvawe na Dogovorot za ureduvawe na odnosite me|u Жито Полог АД – Тетово  i Генералниот izvr{niot direktor.

**Седница на Одборот на директори од 20.04.2021 год**

На седницата која се одржа на овој датум Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово ги разгледа прегледот на побарувања и обврски, прегледот на побарувања и обврски со ЗК Пелагонија и меѓусебно сметководствено срамнување, извештај за извршениот попис од страна на новата менаџерска структура, прегледот на месечни приходи и расходи, извештајот на судски предмети, Планот за работа на службата за внатрешна ревизија за 2021 год и го ревидира истиот, донесе одлука за организирање на подружница – Магацин бр.3 со седиште во.Подмоље бр. 101 –Охрид, одлука за бришење на подружници- продавница бр.12, 6 и 7, одлука за назначување на овластено лице за застапување на подружниците, одлука за набавка на основно средство-патнички моторни возила по пат на лизинг и одлука за делумна исплата на регрес за годишен одмор за 2021 год.

**Седница на Одборот на директори од 14.05.2021 год**

На седницата членовите на Одборот на директори ги разгледаа финансискиот извештај и извештајот за работењето на Друштвото во 2020 година и донесоа Одлука за усвојување на овие два извештаи како и Одлука да се објави јавен повик за свикување на Годишно собрание на акционери на друштвото на ден 22.06.2021 година , се утврдија точките од дневниот ред за седницата на Собранието и предлог одлуките по точките од дневниот ред. На истата седница се донесе Одлука за усвојување на Процедурата за комерцијалната политика, Кодекс за деловно однесување на вработените во Жито Полог АД , Планот за внатрешна ревизија, Правилникот за користење на службени моторни возила и Процедурата за набавка. На седницата Одборот ги разгледа делумните финансиски резултати заклучно со април 2021 год, продажните волуменски разултати, како и се разгледуваше состојбата со долгот на ЗК Пелагонија АД Битола и Еуродистрибуција ДОО- Скопје спрема Жито Полог АД Тетово.

**Седница на Одборот на директори од 07.07.2021 год**

На седницата се одлучуваше без одржување на состанок согласно член 358 од ЗТД и член 88 од Статутот на Жито Полог АД Тетово – пречистен текст, со писмена согласност од сите членови на Одборот и се донесе одлука да се склучи Анекс на Договор за соработка и закуп на недвижен имот и опрема бр. 03-290/1 од 04.08.2020 год солемнизиран со ОДУ бр. 179/20 од 07.08.2020 год на Нотар Нита Џафери од Тетово.

**Седница на Одборот на директори од 19.07.2021 год**

На оваа седница членовите на Одборот на директори го разгледаја P & L извештајот за првите 6 месеци од годината, бизнис планот за првите 6 месеци и за останатите 6 месеци од годината, состојба со приемот на пченица во тек на жетва 2021 год, како и потребата за за набавка на пченица од Унгарија и Србија, се разгледуваше состојба со кредитите на Друштвото и прегледот на должници, закупци и се донесе одлука со која се усвои Комерцијалната и ценовната политика на Жито Полог АД.

**Седница на Одборот на директори од 18.08.2021 год**

На оваа седница Одборот на директори донесе Одлука склучување на Приватен договор за спогодбено решавање на спорот помеѓу Жито Полог АД Тетово и AGROBEL HELLAS – S.M.P.C- Серес - Грција под условите наведени во Предлогот за вонсудско решавање на спорот .
На истата седница Одборот донесе одлука со која одобри склучување на Анекс, со извршна клаузула, кон Договорот за купопродажба на меркантилна пченица со авансно плаќање склучен помеѓу ЗК Пелагонија АД Битола како продавач и Жито Полог АД Тетово како купувач, заверен кај продавачот под број 03-234/1 од 26.02.2021 година и кај купувачот под број 03-68/8 од 26.02.2021 година како одлука со која одобри склучување на Анекс бр.1 и Анекс бр. 2 , со извршна клаузула, кон Договорот за купопродажба на меркантилна пченица со авансно плаќање склучен помеѓу ЗК Пелагонија АД Битола како продавач и Жито Полог АД Тетово како купувач, заверен кај продавачот под број 03-309/1 од 15.03.2021 година и кај купувачот под број 03-83/4 од 15.03.2021 година.

**Седница на Одборот на директори од 23.08.2021 год**

На седницата одржана на ден 06.08.2020 година, се донесоа следните Одлуки:

- Одлука за одобрување на голема зделка за продажба на уделот кој претставува 100% од основната главнина на Друштвото за земјоделско производство, сточарство и производство СКОПСКО ПОЛЕ ДООЕЛ с.Р’жаничино Петровец со ЕМБС 4212509, кој удел согласно Договор за пренос на удел бр. 03-272/1 од 19.08.2021 год е во сопственост на единствениот содружник и основач Жито Полог АД Тетово на купувачот МКМ ЕКСПРЕС ДОО Скопје со ЕМБС 6927890, под услови , начин и за купопродажна цена од 204.000.000 денари, согласно доставената понуда од купувачот, која вредност изнесува 32,09% од сметководствената вредност на имотот на Жито Полог АД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2020 год.
- Одлука за склучување на Договор за преземање на долг помеѓу ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола како отстапувач на долг и ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово како преземач на долг, со кој договор, долгот што го има ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола спрема доверителот МКМ ЕКСПРЕС ДОО – Скопје во износ од 18.105.635 денари, го презема ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово и стапува на местото должник.
- Одлука за склучување на Спогодба за начинот на регулирање на обврските на должникот ЗК Пелагонија АД Битола кон доверителот Жито Полог АД Тетово.
- Одлука со која се одобрува краткорочна денарска позајмица во износ од 25.710.000,00 денари на ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје со рок на враќање од 90 (деведесет) дена сметано од денот на склучување на Договорот за позајмица, со камата пресметана по SKIBOR + 1% и
- Одлука со која се одобрува набавка на 2000 тони меркантилна пченица за човечка исхрана од Р. Унгарија , за фискална година 2021, квалитетна група А1, А2 и Б1 и набавка на 3000 тони меркантилна пченица за човечка исхрана од Р. Србија, за фискална година 2021, валитетна група А1, А2 и Б1, а набавката на одобрената

количина на пченица да биде сукцесивна, согласно потребите на Друштвото и според најповолната понуда согласно Процедурата за набавка.

**Седница на Одборот на директори од 06.10.2021 год**

На седницата која се одржа на овој датум со користење на конференциска телефонска врска согласно член 357 од ЗТД се донесе одлука за склучување на Анекс кон Договорот за краткорочна денарска позајмица склучен помеѓу Жито Полог АД Тетово како заемодавач и Кара ДООЕЛ – Скопје како заемопримач.

**Седница на Одборот на директори од 28.10.2021 год**

На седницата се констатираше оставка на Претседател на Одбор на директори и неизвршен член на Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово, се донесе одлука со која се усвои Правилникот за внатрешна систематизација на работни места во Жито Полог АД и се донесе одлука за свикување на Собрание на акционери на друштвото со утврдување на предлог одлуките по точките на дневен ред од јавниот повик.

**Седница на Одборот на директори од 01.12.2021 год**

На ден 01.12.2021 година се одржа Конститутивна седница на Одборот на директори во нов состав и се донесе Одлука за разрешување на Претседател на Одбор на директори заради констатирање на престанок на членство во Одборот на директори поради поднесена оставка како и се донесе Одлука за избор на Претседател на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово.

**Седница на Одборот на директори од 07.12.2021 год**

На седницата одржана на ден 07.12.2021 година, членовите на Одборот на директори донесоа одлука по барањето од ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје бр. 03-1403/1 од 02.12.2021 год . одобрија склучување на Спогодба за регулирање на должничко-доверителски односи со извршна клаузула, се донесе одлука за отпис на побарувања и приходување на обврски од Жито Полог АД Тетово, одлука за формирање на пописни комисии за вршење на редовен попис во Жито Полог АД – Тетово на крајот на годината 31.12.2021 година и одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2021 год.

Одборот на директори во текот на 2021 година континуирано работеше и одлучуваше по прашања од своја надлежност. Притоа особено се водеше сметка за донесените Одлуки да претставуваат основа за обезбедување на рентабилно работење и овозможување на натамошен развој на Друштвото.

**“ЖИТО ПОЛОГ” АД – ТЕТОВО**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**